# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 9/2018 Пробиштип 30.04.2018 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.9 одржана на ден 27.04.2018 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Извештај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2018 година бр. 26-436/3,
2. Одлука за проширување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-436/4,
3. Согласност на Одлука за утврдување на висина и наплата на надоместок за пристап и користење на придружен објект на гробиштата-капела бр. 26-436/5,
4. План за вработување на ЈКП Никола Карев за 2018 година бр. 26-436/6,
5. План за вработување на ЈКП Никола Карев за 2019 година бр. 26-436/7,
6. План за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски рудар за 2018 година бр. 26-436/8,
7. План за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар за 2019 г. бр. 26-436/9,
8. Одлука за утврдување на приоритет на проектот "Набавка на куќни повеќемлазни, комбинирани, индустриски ултразвучни водомери со поставување и вградување и нивна интеграција во систем за далечинско отчитување во системот за водоснабдување на Пробиштип, општина Пробиштип бр. 26-436/10,
9. Одлука за подготовка на предлог –Проект и учество во Програмата за прекугранична соработка во партнерство со Општина Пробиштип и Општина Банско бр. 26-436/11,
10. Одлука за аплицирање на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за аплицирање по Програмата Interrag-IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2 бр. 26-436/12,

11. Одлука за двање согласност на Одлука на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип за аплицирање по Програмата Interrag-IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и јавниот повик 2014TC16I5CB006-2015-1 бр. 26-436/13,
12. Одлука за ЈОУ ДГ Гоце Делчев Пробиштип дека во наредни 5 години по завршување на проектот ќе ја обавува истата дејност без да врши изменување и дополнување на основната дејност бр. 26-436/14,
13. Одлука за утврување на локации за поставување на компостари во рамки на проектот Био отпад бр. 26-436/15,
14. Заклучок по барање од МЗ Зелениград бр. 26-436/16-1
15. Заклучок по барање од Иницијативен одбор на Црквата Воскресение Христово (Спасовден) од с. Стрмош бр. 26-436/16-2
16. Заклучок по барање од жители на м.в.Грамади бр. 26-436/16-3
17. Заклучок по барање од МЗ Дренак бр. 26-436/16-4
18. Заклучок по барање од МЗ Горно Барбарево бр. 26-436/16-5
19. Заклучок по барање од Јовановски Мирче од Пробиштип бр. 26-436/16-6
20. Заклучок по барање од Здружение на слепи лица од Општина Пробиштип бр. 26-436/16-7
21. Заклучок по барање од Сања Антонова од Злетово бр. 26-436/16-8
22. Заклучок по барање од Кристијан Цветковски од Скопје бр. 26-436/16-9
23. Заклучок по барање од Ильо Тодосов од Злетово бр. 26-436/16-10
24. Заклучок по барање од Јадранка Петрова од Пробиштип бр. 26-436/16-11
25. Заклучок по барање од Фетка Петрушова од С.Горно Барбарево бр. 26-436/16-12
26. Заклучок по барање од Виолета Врховац од Пробиштип бр. 26-436/16-13
27. Заклучок по барање од Лозена Миланова од Добрево бр. 26-436/16-14
28. Заклучок по барање одЛилјана Јосифова од Пробиштип бр. 26-436/16-15
29. Заклучок по барање од Злате Петровски од Злетово бр. 26-436/16-16
30. Заклучок по барање од Влатко Крстев од Пробиштип бр. 26-436/16-17
31. Заклучок по барање од Зора Јованова од Пробиштип бр. 26-436/16-18
32. Заклучок по барање од Црква Свети Илија од Злетово бр. 26-436/16-19
33. Заклучок по барање од Розета Јачева од Доврево бр. 26-436/16-20
34. Заклучок по барање од Валентина Стојанова од Пробиштип бр. 26-436/16-21
35. Решение за определување на член од Советот на општината кој ќе го заменува Градоначалникот бр. 08-388/1

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-436/18<br>27.04.2018година<br>Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА<br>ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>Драган Анастасов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, ја донесе следната :

О Д Л У К А
За усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година

Член 1

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што следува во дадените прилози.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/3
27.04.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 26 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, донесе:

ОДЛУКА
За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип
за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Самофинансирачки | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 723011 Такси за диплома и сертификат | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 723013 Такса за испити | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| 723019 Други образовни такси | 20.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 60.000 | 0 | 0 | 0 |

И се распоредуваат на следните расходни потставки:

Н20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 426990 | Други оперативни расходи | 60.000 | 0 | 0 | 0 |
| | | 60.000 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-436/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИ
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 а во врска со член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Барањето Согласност на Одлуката за утврдување на висина и наплата на надоместок за пристап и користење на придружен објект на гробиштата-капела од Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип, на седницата одржана на ден 27.04.2018 година донесе:

ОДЛУКА
за давање СОГЛАСНОСТ на Одлуката за за утврдување на висина и наплата на надоместок за пристап и користење на придружен објект на гробиштата-капела на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев „ Пробиштип

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за за утврдување на висина и наплата на надоместок за пристап и користење на придружен објект на гробиштата-капела на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип .

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за за утврдување на висина и наплата на надоместок за пристап и користење на придружен објект на гробиштата-капела бр. 02-312/1 од 11.04.2018 година од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев „ Пробиштип.

Член 3

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/16 и 27/16), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на годишен план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2018 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-436/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/16 и 27/16), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на годишен план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2019 година

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев Пробиштип за 2019 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-436/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/16 и 27/16), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на годишен план за вработување на
Општинска установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2018 година

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Општинска установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Општинска установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2018 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-436/8
27.04.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/14, 199/16 и 27/16), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За давање согласност на годишен план за вработување на
Општинска установа Дом на култура Злетовск Рудар Пробиштип за 2019 година

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Општинска установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Општинска установа Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2019 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-436/9
27.04.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина " бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015), на предлог на Градоначалникот Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА
За утврдување на приоритет на проектот "Набавка на куќни повеќемлазни, комбинирани, индустриски ултразвучни водомери со поставување и вградување и нивна интеграција во систем за далечинско отчитување во системот за водоснабдување на Пробиштип, општина Пробиштип "

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот "Набавка на куќни повеќемлазни, комбинирани, индустриски ултразвучни водомери со поставување и вградување и нивна интеграција во систем за далечинско отчитување во системот за водоснабдување на Пробиштип, општина Пробиштип ".

Член 2

Реализацијата на проектот ке се изврши со остатокот од средствата од Европската Инвестициона Банка преку Министерството за транспорт и врски .

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен Гласник на Општина Пробиштип".

Број 26-436/10
27.04.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на Член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип, член 36 од Законот за локална самоуправа, како и објавениот втор повик за проектни предлози за промоција на прекуграничната соработка помеѓу Бугарија и Македонија со финансиска помош од Интерег - ИПА ИИ Програмата на ЕУ за прекугранична соработка помеѓу Бугарија и Република Македонија, Советот на Општина Пробиштип, на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За подготовка на предлог-проект и учество во Програмата за прекугранична соработка**

**Член 1**

Општина Пробиштип ќе ги превземе сите активности кои ќе придонесат за изработка на квалитетна и стручна Апликација за предлог проектот „Заедничко спроведување на добри практики за подобрување на квалитетот на воздухот во Пробиштип и Банско " (на англиски: „ Јоинт имплементатион оф гоод працтицес фор аир љуалитѕ импровемент ин Пробистип анд Банско") и негово целосно имплеменатирање доколку Апликацијата биде прифатена и одобрена за финансирање.

Целта на проектот е инвестициона активност за заштита на животната средина на територија на Општина Пробиштип преку спроведување на мерки за намалување на емисиите штетни гасови од јавни згради, вклучувајќи подобрување на енергетската ефикасност, префрлување на гориво и поставување на локални грејни тела за греење во согласност со барањата на ЕУ, како и реализација на т.н „меки мерки„ кои воглавно ќе се фокусираат на развој на човечките локални потенцијали за подобрување на капацитетите за заштита на животната средина".

**Член 2**

Апликацијата се однесува на Вториот повик за поднесување на предлог-проекти на Интерег-ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија, број на повик 2014TC16I5CB006-2018-2.

**Член 3**

Партнери во изработката и реализацијата на проетната апликација се Општина Пробиштип (водечки партнер) од Република Македонија и Општина Банско (партнер) од Република Бугарија.

**Член 4**

Партнерите можат да користат услуги на професионални консултанти.при реализација на проектот доколку апликацијата биде одобрена за финасирање, а според правилата и процедурите пропишани со Програмата.

**Член 5**

Резултатите од реализираните активности на проектот ќе бидат на располагање пет (5) години за потребите на проектот и нема да се користат за остварување профит од страна на партнерите

**Член 6**

Вкупната вредност на целиот проект изнесува околу 24.600.000,оо денари (400.000 Евра), кои ќе бидат распоредени во рамономерен однос (50%) за секоја од партнерите во апликацијата, односно 50% за водечкиот партнер (Општина Пробиштип) и 50% за партнерот (општина Банско).

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-436/11<br>27.04.2018 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 а во врска со член 12 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005. 25/2014, и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

Одлука<br>За аплицирање по Програмата<br>Iterreg –IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија<br>CCI2014TC16I5CB006 и Јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2

Член 1

Советот на Општина Пробиштип дава согласност и поддршка за подготовка и имплементација на проектот Зголемување на туристичките потенцијали во регионот Хаџидимово-Пробиштип, каде водечки партнер на проектот е Општина Хаџидимово а партнер е Дом на култура Злетовски Рудар од Пробиштип. Буџетот на проектот изнесува 500.000 евра, поделени рамноправно меѓу двете страни.

Член 2

Советот на општина Пробиштип дава согласнот за право на користење на објектот за целите на проектот, кој ќе биде изграден со средства на Програмата и ќе биде ставен во функција на проектот и нема да биде предмет на отуѓување во наредните 5 години по завшувањето на проектот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/12 НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година Претседател
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002), а во врска со член 12 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005. 25/2014, и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната одлука:

ОДЛУКА
За давање согласност на Одлука на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип за аплицирање по Програмата Interrag-IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука на ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип бр. 02-106/1 од 12.04.2018 година за аплицирање по Програмата Interrag-IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2 за проектот „ Да ја зачуваме животната средина,, во партнерство помеѓу ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип и Детската градинка Детелина од Гоце Делчев.

Член 2

Советот на општина Пробиштип дава согласнот за право на користење на објектот за целите на проектот, кој ќе биде изграден со средства на Програмата и ќе биде ставен во функција на проектот и нема да биде предмет на отуѓување во наредните 5 години по завшувањето на проектот.

Член 3

Составен дел на оваа одлука е Одлука на ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип бр. 02-106/1 од 12.04.2018 година за аплицирање по Програмата Interrag-IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-436/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За потврдување на основната дејност на ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип

Член 1

Со оваа Одлука се потврдува дека ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип во наредните 5 години ќе ја врши истата дејност, без да се врши изменување и дополнување на основната дејност.

Член 2

Оваа одлука се донесува заради аплицирање на ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Провиштиш по Програмата Interrag-IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и јавниот повик 2014TC16I5CB006-2015-1 за проектот „ Да ја зачуваме животната средина„ во партнерство помеѓу ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип и Детската градинка Детелина од Гоце Делчев.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-436/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точак 43 Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесе следната:

ОДЛУКА
За утврдување на предлог локации за поставување на компостари во рамки на проект БИООТПАД

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат локациите за поставување на компостари на територија на општина Пробиштип во рамки на Проектот Utilising Pay as Throw Systems and Autonomous Composting Units for Biowaste Managament in Toutistic Areas, BIOWASTE, кој го реализира Општина Пробиштип во рамките на Програмата на ЕУ Interreg V-B Balkan Mediterranean 2014-2020, со референтен број на договор B MP 1/22/21562017 во пратнерство со општина Катерини и општина Јермасоја, Универзитет Гоце Делчев Штип и Технолошки едукативен центар од Крит.

Член 2

Со пректот е планирано поставувањ на три компостари за преработка на био отпад со капацитет од 120 тони на годишно ниво.

Член 3

Компостарите ќе се постават на следните локации:

- На КП бр. 1018/96 во ИЛ 5278, сопственост на РМ, во близина на градски пазар.
- На КП бр1732/1 во ИЛ бр.20 сопственост на РМ, во непосредна близина на игралиште во населено место Камењар.
- На КП бр. 1470/122 во ИЛ бр. 5919, сопственост на РМ, во непосредна близина на ОУ Никола Карев.
- На КП бр. 1470/123, сопственост на РМ во непосредна близина на градски гробишта.
- Во непосредна близина на Здравствен дом Нада Михајлова во Пробиштип

Првата локација се однесува на компостарка наменета за угостителските објекти.

Од останатите четири локации ќе бидат избрани две локации кои ќе бидат наменети за компостарки за локалното население.

Член 4

Со стапувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 26-851/5 од 01.12.2017 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.3/2017.

Член 5

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од МЗ на с. Зелениград бр. 26-432/1 од 19.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Барањето од МЗ на с. Зелениград бр. 26-432/1 од 19.04.2018 г. за санирање на пат кон селото се разгледа.
2. Се задолжува Одделението за инспекциски работи во Општина Пробиштип да направи увид на лице место, да ги констатира причините за оштетување на патот, да го задолжи предизвикувачот на штетата да ги санира штетите нанесени на патот и да го следи санирањето на патот. По завршување на целата постапка Инспекциското одделение да го извести Советот на општината за преземените мерки..
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Иницијативен одбор за изградба на Црквата Воскресение Христово (Спасовден) од с. Стрмош бр, 26-393/1 од 04.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Барањето од Иницијативен одбор за изградба на Црквата Воскресение Христово (Спасовден) од с. Стрмош бр, 26-393/1 од 04.04.2018 г. за донирање на средства или материјали за за изградба на црквата, се разгледа.
2. Сите барања поднесени до Општина Пробиштип од страна на Месни заедници, Иницијативни одбори и Цркви ќе бидат доставени до Градоначалникот на Општината заради поготовка на тендерска документација за избор на изведувач за извршување на работи и решавање на комунални проблеми по сите Месни заедници.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од жителите во м.в. Грамади бр. 26-366/1 од 29.03.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од жителите во место викано Грамади се прифаќа. Општина Пробиштип ќе преземе мерки за пробивање на патот со изведувач избран на тендер за извршување на земјани работи.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од МЗ на с. Дренак бр. 26-268/1 од 02.03.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од МЗ на с. Дренак бр. 26-268/1 од 02.03.2018 г. за барање на материјали за санација на селска чешма, се разгледа.
2. Сите барања поднесени до Општина Пробиштип од страна на Месни заедници, Иницијативни одбори и Цркви ќе бидат доставени до Градоначалникот на Општината заради поготовка на тендерска документација за избор на изведувач за извршување на работи и решавање на комунални проблеми по сите Месни заедници.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од МЗ на с. Горно Барбарево бр.26-226/1 од 21.02.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од барањето од МЗ на с. Горно Барбарево бр.26-226/1 од 21.02.2018 година за обезбедување на црево за вода за потребите на селскиот водовод во должина од 250 м, се разгледа.
2. Сите барања поднесени до Општина Пробиштип од страна на Месни заедници, Иницијативни одбори и Цркви ќе бидат доставени до

Градоначалникот на Општината заради поготовка на тендерска документација за избор на изведувач за извршување на работи и решавање на комунални проблеми по сите Месни заедници.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Јовановски Мирче ул.Јаким Стојковски бб Пробиштип, бр. 26-382/1 од 02.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Јовановски Мирче од Пробиштип ул. Јаким Стојковски бб Пробиштип, бр. 26-382/1 од 02.04.2018 година, за одобрување на средства или материјали за изградба на потпорен ѕид, се разгледа.
2. Проблемот за изградба на потпорен ѕид ќе биде решен откако истиот ќе влезе во инвестициона програма на општината и ќе се распише тендер за избор на изведувач.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Здружение на слепи лица од Општина Пробиштип бр. 22-167/1 од 02.02.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Здружение на слепи лица од Општина Пробиштип бр. 22-167/1 од 02.02.2018 за ослободување од надоместок за вода на слепо лице се прифаќа.
2. Се одобрува за лицата дадени со спиок од Здружението на слепи да бидат ослободени од надместок за плаќање на вода во висина од 4 м3 вода месечно. За потрошената вода ЈКП Никола Карев Пробиштип месечно ќе

доставува фактури на Општина Пробишти заради надоместување на потрошената вода од 4м3 за секое слепо лице во општината.

3. Составен дел на овиј заклучок е списокот на слепи лица од Општина Пробиштип.
4. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Сања Антонова ул. Јане Сандански бр.190 Злетово, бр. 26-181/1 од 07.02.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Сања Антонова ул. Јане Сандански бр.190 Злетово, бр. 26-181/1 од 07.02.2018 година, за ослободување на дете со даунов синдром од надоместок за градинка се разгледа.
2. Се упатува барателотда се обрати до Министерството за труд и социјална политика заради решавање на проблемот.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Кристијан Цветковски ул. Ѓорги Димитров бр. 21/2-11 Скопје бр. 26-255/1 од 01.03.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Кристијан Цветковски ул. Ѓорги Димитров бр. 21/2-11 Скопје бр. 26-255/1 од 01.03.2018 година, година за обезбедување на парична помош за лекување на дете од малигна неоплазма на мозок во Германија се прифаќа и се одобруват 6.000 денари како финансиска помош за лекување на дете.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Ињо Тодосов ул. Маршал Тито бр.109 Злетово бр. 26-403/1 од 12.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Ињо Тодосов ул. Маршал Тито бр.109 Злетово б. 26-403/1 од 12.04.2018 година за парична помош поради тешка економска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Јадранка Петрова ул Миро Барага бб Пробиштип, бр. 26-379/1 од 02.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Јадранка Петрова ул Миро Барага бб Пробиштип, бр. 26-379/1 од 02.04.2018 година за парична помош за обезбедување на парична помош поради тешка економска состојба и ненадејна смрт на нејзиниот маж не се прифаќа бидејки барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Барателот се упатува во Центарот за социјални работи да поднесе барање за остварување на право на паричен надоместок на име социјална помош и право на еднократна парична помош.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Фетка Петрушова с. Горно Барбарево, бр. 26-380/1 од 02.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**_З А К Л У Ч О К_**

1. Барањето од Фетка Петрушова с. Горно Барбарево, бр. 26-380/1 од 02.04.2018 година за парична помош поради тешка економска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Барателот се упатува во Центарот за социјални работи да поднесе барање за остварување на право на паричен надоместок на име социјална помош и право на еднократна парична помош.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Виолета Врховац ул. Јаким Стојковски бр. 28 Пробиштип, бр. 26-378/1 од 30.03.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**_З А К Л У Ч О К_**

1. Барањето од Виолета Врховац ул. Јаким Стојковски бр. 28 Пробиштип, бр. 26-378/1 од 30.03.2018 година за парична помош за обезбедување на парична помош поради тешка економска состојба не се прифаќа бидејќи барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Барателот се упатува во Центарот за социјални работи да поднесе барање за остварување на право на паричен надоместок на име социјална помош и право на еднократна парична помош.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Лозена Миланова ул. Илија Кузманов бр.53 с.Добрево бр. 26-311/1 од 15.03.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Лозена Миланова ул. Илија Кузманов бр.53 с.Добрево бр. 26-311/1 од 15.03.2018година за обезбедување на парична помош за лекување се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош за лекување.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Лилјана Јосифова ул. Јаким Стојковски бр.10 Пробиштип, бр. 26-191/1 од 09.02.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Лилјана Јосифова ул. Јаким Стојковски бр.10 Пробиштип, бр. 26-191/1 од 09.02.2018 година за обезбедување на парична помош за лекување на нејзиниот сопруг Сашо Јосифовски се прифаќа и се одобруват 5.000 денари како финансиска помош за лекување.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи

по барањето Злате Петровски ул. Поникважбб Злетово бр. 26-173/1 од 06.02.2018 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Злате Петровски ул. Поникважбб Злетово бр. 26-173/1 од 06.02.2018 година, за обезбедување на парична помош поради тешка финансиска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Барателот се упатува во Центарот за социјални работи да поднесе барање за остварување на право на паричен надоместок на име социјална помош и право на еднократна парична помош.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-16 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Влатко Крстев ул. Доне Божинов бр.61 Пробиштип бр. 26-215/1 од 19.02.2018 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Влатко Крстев ул. Доне Божинов бр.61 Пробиштип бр. 26-215/1 од 19.02.2018 година, за обезбедување на парична помош поради тешка финансиска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Зора Јованова населба Калниште, бр. 26-219/1 од 20.02.2018 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Зора Јованова населба Калниште, бр. 26-219/1 од 20.02.2018 година, за обезбедување на парична помош за набавка на дрва за огрев не се прифаќа бидејќи барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-18 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Црквата Свети Илија Злетово бр. 26-447/1 од 24.04.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Црквата Свети Илија Злетово бр. 26-447/1 од 24.04.2018 година. за обезбедување на средства за санација на црквата, се разгледа.
2. Сите барања поднесени до Општина Пробиштип од страна на Месни заедници, Иницијативни одбори и Цркви ќе бидат доставени до Градоначалникот на Општината заради поготовка на тендерска документација за избор на изведувач за извршување на работи и решавање на комунални проблеми по сите Месни заедници.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-19 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Розета Јачева од с. Добрево, бр. 26-443/1 од 23.04.2018 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Розета Јачева од с. Добрево, бр. 26-443/1 од 23.04.2018 година, за обезбедување на парична помош поради тешка финансиска состојба се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како финансиска помош на семејство во социјален ризик.

2. Барателот се упатува во Центарот за социјални работи да поднесе барање за остварување на право на паричен надоместок на име социјална помош и право на еднократна парична помош.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-20 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето Валентина Стојанова ул. Нада Михајлова бр. 39 Пробиштип, бр. 26-442/1 од 20.04.2018 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Валентина Стојанова ул. Нада Михајлова бр. 39 Пробиштип, бр. 26-442/1 од 20.04.2018 година, за обезбедување на парична помош поради тешка финансиска состојба и долг кон ЕВН Македонија се прифаќа и се одобруват 5.000 денари како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-436/16-21 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.04.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014 и 29/2015) Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
За определување на член од Советот на општината
кој ќе го заменува Градоначалникот

1. Симона Јованова од Пробиштип, член на Советот на општина Пробиштип се овластува да го заменува Градоначалникот на општината за време на спреченост или отсуство на Градоначалникот до шест месеци.
2. За време на настапувањето на спреченост или отсуство Градоначалникот го информира Советот.

3. На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за време кога го заменува Градоначалникот.
4. Членот на Советот за време додека го заменува Градоначалникот може да ги потпишува следните акти кои произлегуваат од тековното работење на општинската администрација и тоа:
   - Одлуките и договорите за јавни набавки во општината;
   - Решенија за данок на промет и данок на наследство и подарок;
   - Градежни одобренија, Одобренија за употреба, Изводи од план, Решенија за утврдување правен статус на бесправни објекти, Урбанистичка согласност за бесправни објекти и акти од областа на урбанизмот;
   - Договори за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија и сопственост на Општина Пробиштип;
   - Лиценци за авто такси превоз и посебен линиски превоз на патници;
   - Договори за комунален надоместок;
   - Согласност за вработување за итни и неодложни работи во образованието;
5. Решението стапува во сила со донесувањето а ќе со објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Бр. 08-388/1
04.04.2018
Пробиштип

Градоначаник на
Општина Пробиштип
Драган Анастасов с.р.